ОПШТИНА ШТИП

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број. 18/24-91*
*8.07.2024 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина Штип, Градоначалникот на Општина Штип го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ**
**За организирање на јавен увид на**
**изработен**

**Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е 1.6 – канализациски инфраструктури за изработка на фекална канализација за населба Три Чешми, Општина Штип**

Изработката на Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е 1.6 – канализациски инфраструктури за изработка на фекална канализација за населба Три Чешми, Општина Штип е со површина од **П=3.286,23 m2 , односно 0,3ха.**

Границите на проектниот опфат се прикажани во графичкиот дел на урбанистичкиот проект. Површината на проектниот опфат изнесува 0,3 ha.

Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Штип.

Јавниот увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за пристапен пат од Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е 1.6 – канализациски инфраструктури за изработка на фекална канализација за населба Три Чешми, Општина Штип е со површина од 0,3ha. и ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната web страна на Општина Штип: www.stip.gov.mk.

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението, започнувајќи од 8.07.2024 год. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Изработил:
Диа. Драгана Петерјова

По овластување од
градоначалник на
Општина Штип
Лазар Хаџи Николов

*Општина Штип ул.„Васил Главинов" бр. 4Б,2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Scanned with CamScanner